**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-31
14.02 **2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-382/1 од 27.01.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 8-та седница одржана на 14.02.2020 година согласно Заклучокот бр.02-605/24 од 14.02.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а казнива по член 147 став 1 точка 11 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, на 7-ми јануари 2020 година, играниот филм „Среќниот Принц“, емитуван во периодот од 19:13:43 часот до 21:02:04 часот беше погрешно категоризиран и означен како програма од Втора категорија (8+) и беше емитуван во несоодветен временски период од денонокието, пред 20 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификувана е по наслов на емисија, датум на емитување, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-382/1 од 27.01.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република “ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 27 јануари 2020 година, изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7 јануари 2020 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Со надзорот е констатирано дека, на 7 јануари 2020 година, на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, играниот филм „Среќниот Принц“, емитуван во периодот од 19:13:43 часот до 21:02:04 часот беше погрешно категоризиран и означен како програма од Втора категорија (8+) и беше емитуван во несоодветен временски период од денонокието, пред 20 часот, што е спротивно на член 50 став 3 од Законот и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Според критериумите на Правилникот за заштита на малолетните лица, серијалот треба да биде означен како програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години и може да се емитува само во периодот од 20:00 и 05:00 часот.

Повредата од точка 1 од ова Решение, спецфицирана е по наслов на емисија, датум на емитување, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-382/1 од 27.01.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Во точка 7 од цитираниот Писмен извештај, наведени се и клучните аспекти земени во предвид при извршената анализа, а имајќи ги предвид критериумите за категоризација на содржините утврдени во Правилникот за заштита на малолетни лица.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје на 29.01.2020 година, испрати Допис наш арх.бр.03-31 од 29.01.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-382/1 од 27.01.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Во предвидениот рок ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот и Правилникот.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст)

бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и члeновите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 8-та седница одржана на 14.02.2020 година, согласно Заклучокот бр.02-605/24 од 14.02.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-382/1 од 27.01.2020 година.

**Доставено до:**

-Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
-Управителот на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
-Одговорното лице на програмата во ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
-Секторот за правни работи;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**

**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

27.01.2020
10 382 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по претставка (иницијатива на физичко лице);

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 7 јануари 2020 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 јануари 2020 година;

5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој*);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** (*„Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14*);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор реализиран по претставка врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7 јануари 2020 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, играниот филм „Среќниот Принц", емитуван во периодот опфатен со надзорот, беше погрешно означен како програма од Втора категорија (8+) и беше емитуван во несоодветен програмски термин - пред 20:00 часот. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, филмот требало да биде означен

како програма од Трета категорија што не се препорачува за деца под 12 години, односно требало да биде емитуван само во периодот од 20:00 од 05:00 часот.

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| ***Среќниот Принц*** - играна програма – филм; | 19:13:43 | 21:02:04 |

Покрај анализата, примарно направена според критериумите и според описите на категоризацијата - опфатени со членовите 14 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, споредбено беа земени предвид категоризациите на филмот во неговиот примарен – британски, социо-културен контекст (достапно на: https://bbfc.co.uk/releases/happy-prince-2018), каде што е категоризиран и означен со – *„15+“ - непрепорачливо за лица под 15 години*, како и регулациските пристапи на повеќе европски аудиовизуелни законодавства, во кои филмот „Среќниот Принц“ е најчесто означен со категоријата – *„12+“* (Германија – 12+; Холандија – 12+; Шпанија – 12+; Австрија – 14+, Франција – „*за целата публика*“; достапни на: https://www.imdb.com/title/tt2404639/parentalguide?ref_=tt_stry_pg#certification).

Според членот 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, описот на Третата категорија програма (12+), меѓу другото, ги опфаќа оние играни аудиовизуелни целини во кои:

- *Обработката сериозни теми е прифатлива, но треба да биде соодветна за пропишаната возраст на публиката. Дозволена е употреба непристоен говор, вулгарности и бруталности, меѓутоа мора да биде сведена на разумна мерка и да биде оправдана со нужната функција во драмскиот или во информативно-документарниот контекст на програмата. Описите, сцените и/или глеткиte со насилство или со еротика, и евентуалната заемна врска меѓу овие два фактора во развојот на наративот, не треба да ги нагласуваат физичките повреди и/или психофизичките последици од повреди, ниту пак да се фокусираат врз непристојни детали;*
- *Прикажувањето наркоманија е дозволено меѓутоа без детална разработка на фазите од чинот при карактеризација на ликовите, и комплементарно во целината на различните видови играна, образовна информативна и/или документарна програма*;

Од друга страна, предвид беше земено дека како и секој (авто)биографски филм, така и „Среќниот Принц“ што го портретира „контроверзниот случај“ на писателот Оскар Вајлд, во својата раскажувачка текстура има и – едукативна нишка, која, пак, за да се задржи до – автентичноста / реализмот на портретираниот карактер, нужно ги прикажува и контроверзните аспекти од биографијата на писателот, што во случајов значи – нескриена хомосексуалност и (зло)употреба различни видови опијати. Но, квантитативно, пак, во аудиовизуелната целина што ефективно трае околу 1 час и 45 минути, тие аспекти од биографијата / карактерот на Вајлд се прикажани преку: две сцени со хомоеротика – без какви било експлицитни глетки на сексуален однос; и со една сцена во која – „недозволената супстанција / опијат“ - ниту е именувана, ниту се прикажуваат последиците од конзумирањето. Во ниту една од тие три сцени, земени сами по себе (значи - вонконтекстуално) – нема сугестибилни облици на однесување. Во текот на целото аудиовизуелно дело вулгарниот јазик е сведен на минимум и е употребен функционално според комплексните драматуршки

потреби. Едукативниот – социјално-ангажирачкиот мотив за продукцијата на „Срећниот Принц", сосем јасно е испишан пред одјавната шпица, и вели: *„Заедно со уште 75.000 лица осудени поради хомосексуалност, Оскар е помилуван во 2017 година"* -, податок што, пак, директно упатува кон т.н. – *„Закон на Алан Туринг"* – амнестирачки закон за сите британски граѓани што до 2017 година биле осудени на затворска или на друг вид казна поради своите LGBT определби, без разлика на нивниот индивидуален придонес за науката и за културата на Велика Британија (патем, во овој историски контекст, тоа е основниот мотив и за филмот - „The imitation game" – биографски токму за случајот на математичарот Алан Туринг, постхумно официјално препознаен како воен херој од Втората светска војна).

Согледан од овие категоризациски аспекти, филмот „Срећниот Принц" требало да биде класификуван како – програма од Трета категорија, што не се препорачува за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател, а врз основа на тоа требало да биде емитуван со почеток по 20 часот.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, на 7 јануари 2020 година, играниот филм „Срећниот Принц", беше погрешно категоризиран и означен како програма од Втора категорија (8+), и беше емитуван во несоодветен временски период од деноноќието, пред 20 часот.

## 9. Предлог-мерка:

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***